## РЕАЛЕН СЕКТОР

### Табела бр.1 Бруто домашен производ ЕСС 2010

Бруто домашниот производ (БДП) прикажан во Табела 2 е изработен од страна на ДЗС според методологијата Европски систем на сметки (ЕСС 2010).

Повеќе информации за методологијата на изработка на БДП според ЕСА2010 може да се најдат на следниот линк: http://www.stat.gov.mk/Dokumenti/ESA2010_mk.pdf

### Табела бр.2 Трошоци за живот – вкупно

Серијата вкупни трошоци на живот прикажана во Табела 3 е изработена од страна на ДЗС.

Повеќе информации за методологијата на изработка може да се најдат на следниот линк: http://www.stat.gov.mk/ceni

### Табела бр.3 Трошоци за живот – COICOP

Извор на податоците за цените е ДЗС.

Повеќе информации за методологијата на изработка може да се најдат на следниот линк: http://www.stat.gov.mk/ceni

### Табела бр.4 Индустриско производство

Извор на податоците за индустриското производство е ДЗС.

Повеќе информации за методологијата на изработка може да се најдат на следниот линк: http://www.stat.gov.mk/industrisko_proizvodstvo

### Табела бр.5 Вработеност и продуктивност во целата економија

Извор на презентираните податоци за вработеноста е Анкетата за работна сила (АРС) на ДЗС.

Повеќе информации за методологијата на изработка на оваа анкета може да се најдат на следниот линк: http://www.stat.gov.mk/pazar_na_trud

Продуктивноста во економијата се пресметува во НБРМ на квартална основа, каде што вкупната продуктивност претставува пондериран збир на пресметаната продуктивност на ниво на индивидуален сектор на економијата. Во рамките на секој сектор, продуктивноста се пресметува како соодност помеѓу додадената вредност во тој сектор и бројот на вработени лица. Податоци за вкупниот БДП и бројот на вработени во економијата (според Анкета за работна сила) се од ДЗС.

**Табела бр.6 Плати**

Извор на презентираните податоци за исплатените нето и бруто плати по вработен е ДЗС.

Повеќе информации за методологијата на изработка на овие податоци може да се најдат на следниот линк: http://www.stat.gov.mk/plati

**Табела бр.7 Буџет на Република Македонија (Централен буџет и буџети на фондови)**

Извор на презентираните податоци е Министерството за финансии на Република Македонија.

Повеќе информации за податоците може да се најдат на следниот линк: http://www.finance.gov.mk/mk/node/898

**Табела бр.8 Индекс на цени на станови**

Индексот на цените на становите[1] е изготвен од страна на НБРМ за територијата на Скопје. Индексот е изготвен врз основа на податоци кои се однесуваат на огласите за продажба објавени од агенциите коишто се занимаваат со промет со недвижности. Пресметката на индексот е направена преку хедоничкиот метод, а фреквенцијата на индексот е со квартална динамика.

Хедоничките ценовни индекси се базираат врз хедоничките ценовни модели, според кои цената на еден производ е функција којашто произлегува од неговите карактеристики. Цената на станот е функција којашто произлегува од големината на станот, населбата во која се наоѓа, катот, од тоа дали станот има централно греење и од тоа дали станот е нов.

Основната предност на хедоничкиот метод при конструкцијата на ценовните индекси во однос на конвенционалните методи (кои се темелат врз следењето на цената на еден ист производ низ време) е експлицитното препознавање на влијанието на квалитетот врз цената. Оттука, хедоничките индекси овозможуваат пресметување на чистата промена во цената, односно промена во цената којашто не е резултат на подобрувањето на производот. Токму заради ова, овие ценовни индекси најчесто се пресметуваат за производи коишто рапидно се менуваат - високотехнолошките производи, компјутерите, автомобилите, но и становите.

[1] Користената методологија детално е објаснета во Давидовска-Стојанова Б., Јовановиќ Б., Кадиевска-Војновиќ М., Рамадани Г., и Пертровска М., (2008): Цените на недвижностите во Република Македонија, Работни материјали, НБРМ.